ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**Крива Паланка 16.04.2020 год.**

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ШТАБОТ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Состанокот се одржа на ден 16.04.2020 година во 12:00 часот во Големата Сала на Општина Крива Паланка, а истиот беше свикан на иницијатива на Градоначалникот на Општина Крива Паланка Борјанчо Мицевски.

На состанокот беа присутни:

- Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Борјанчо Мицевски**
- Командантот на Штабот **Изабела Павловска**
- Началникот на Штабот **Стојадин Гоговски**
- Заменик на Началникот на Штабот **Мартин Николовски**
- Секретарот на Општина Крива Паланка **Љубомир Младенов**
- Претставник од ТППЕ Крива Паланка **Иле Коцевски**
- Санитарен инспектор **Ленче Максимовска**
- Претставници од МВР на РСМ и тоа:
    - Начаник на ОВР Крива Паланка **Игор Илиевски**
    - Командир на ПС за погранични работи Север **Зоран Костовски**
- Претставник од ЈП Комуналец - Крива Паланка **Миле Марковски**
- Претсавник на ОО на Црвен Крст Крива Паланка **Дарко Пешовски**
- Претставник на Дирекцијата за заштита и спасување **Зоран Павловски**
- Претставник на ЈП НАЦИОНАЛНИ ШУМИ ПШС ОСОГОВО - Крива Паланка **Ѕвонко Груевски**
- Претставник на Шумска Полиција ПО Крива Паланка **Зоран Јакимовски**

На состанокот беа дискутирани превентивните мерки и чекори кои треба да бидат преземени, а во согласност со заклучоците, мерките и препораките усвоени од Владата на Република Северна Македонија, во врска со потребата од преземање на дополнителни мерки и активности за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).

По исцрпената дискусија и дадените известувања, согледувања и предлози од страна на членовите на Штабот и другите присутни лица беа донесени следните заклучоци:

**1. - Доследно и одговорно да се почитуваат сите заклучоци, мерки и препораки на Владата на Република Северна Македонија, но и заклучоците и препораките на Штабот за заштита и спасување на Општина Крива Паланка за превенција од ширење на болеста COVID-19 (корона вирус).**

**2. - Ажурирана документација од областа на заштита и спасување, а со која располага Општина Крива Паланка, да биде подготвена и доставена до надлежен инспекторат во Дирекцијата за заштита и спасување (најдоцна до 24.04.2020 година).**

**3. - ОВР Крива Паланка, ЈП Национални Шуми ПШС Осогово – Крива Паланка и Шумска полиција ПО Крива Паланка да вршат редовни и зајакнати контроли во руралните реони на територијата на Општина Крива Паланка, а во функција на превенција од кражби на огревно дрво и предизвикување на шумски пожари, како и преземање на соодветни мерки и санкции за потенцијалните сторители на наведените кривични дела.**

**4. - ОВР Крива Паланка да врши редовни и зајакнати контроли на сите излетнички места на територијата на Општина Крива Паланка, а во функција на превенција и спречување на групирање на поголем број на лица на мал отворен или затворен простор, како и преземање на соодветни мерки и санкции спрема сторителите.**

**5. - Регионален центар за гранични работи – Исток да врши зајакната контрола на целата погранична линија, во функција на превенција и спречување на неовластено движење на лица во време на забрана за движење.**

**6. - Во врска со пристигнати барања од деловни субјекти кои имаат можност да организираат и спроведуваат online продажба и дистрибуција на продукти во време на забрана за движење, како и барања од физички лица за движење во време на забрана, од страна на Општинскиот Кризен Штаб беа разгледани сите пристигнати барања и по исцрпната анализа и дискусија по однос на аргументите за оправданоста на истите, беше одлучено да бидат одобрени 16 (шеснаесет) барања на деловни субјекти, 13 (тринаесет) барања на физички лица и 1 (едно) барање од ЗГ „СПАСИТЕЛ“ – Крива Паланка за движење на 4 лица, како дел од мобилен тим за пружање на логистичка поддршка во време на забрана за движење на останатите служби.**

**Списокот со одобрени барања е во прилог на овој Записник и истиот е интегрален составен дел на Записникот.**

Состанокот заврши во 13:45 часот.

**Крива Паланка 16.04.2020 година**

**Записникот го изготви Мартин Николовски – Заменик Началник на Штабот за заштита и спасување**

**ОПШТИНСКИ ШТАБ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**
**КРИВА ПАЛАНКА**